**З А П И С Н И К**

**од 35 тата редовна седница на Советот на Општина Валандово одржана на ден 31.07.2024 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 11.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа сите 15 советници, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За 35 тата редовна седница беше предложен дневен ред од 9 точки.

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2024 година до 30.06.2024 година;
2. Предлог – Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година;
3. Квартален финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2024 година до 30.06.2024 година;
4. Предлог – Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружение на граѓани „Внимание" Гевгелија за реализација на активности;
5. Предлог – Одлука за пренесување на вршење на комуналните дејности од јавен интерес во населеното место Казандол, Општина Валандово на ЈП „Комунален сервис" Валандово;
6. Одлука за утврдување на цена на услуга на ЈП „Комунален сервис" Валандово;
7. Годишен план за вработување на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за 2025 година;
8. Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово во првите шест месеци од 2024 година;
9. Предлог – Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово;

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави истиот беше ставен на гласање и со 15 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ беше усвоен.

Беше отворена расправа по записникот од 34 та редовна седница на Советот на Општина Валандово.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со: 13 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 2 ВОЗДРЖАНИ.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2024 година до 30.06.2024 година образложение даде Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа .

За збор се јави Тоше Тодоров. Рече дека од Кварталниот извештај може да се забележи дека истиот е во ред и приходната и расходната страна се коректни. Буџетските корисници може да бидат задоволни бидејќи редовно се исплаќа плата. Но, додаде дека тоа не значи дека тие како советничка група го имаат гласано Буџетот и ги одобруваат сите проекти кои што се реализираат. Рече дека тие сметаат дека треба да се реализира поинаку и дека оваа приказна има други страни. Рече дека не гледа во Кварталниот извештај дека има нешто предвидено за заштита од поплави, а веќе на градоначалникот му поминува и вториот мандат, а нема исчистени ниту еден одводен канал, се немаат изградено ниту полските патишта. Праша за дејноста противпожарната заштита колку е финансирано во ТППЕ. Рече дека ова се важни работи кои прават бенефит на граѓаните, а не само да чекаме кога ќе се случи некоја катастрофа, па тогаш да се реагира. И додаде дека доколку општината имаше систем за заштита од град, сигурно немаше да има штети во толкава мера, а не само кога се пријавуваат штети да се активира цела администрација и тоа не значи дека луѓето ќе бидат обесштетени.

Градоначалникот се јави за реплика. Рече дека дискусијата на советникот не беше видување на извршувањето на буџетот. Така треба да се дискутира во партиски штаб и на партиска седница. Го праша советникот што ќе каже за 48% реализирани планирани приходи што ги има во Кварталниот извештај, дали е задоволен или не.

Тоше Тодоров се јави за контрареплика. Рече дека единствен таму кој се занимава со политиканство е градоначалникот. Повтори дека тој рекол дека приходната и расходната страна се коректни, но тоа не значи дека се нуди развој тукуе само гола егзистенција.

Градоначалникот рече дека од извештајот се гледа дали има развој или дали има капитална компонента, социјална компонента и дека нема да дозволи да го оптоварува Советот со тоа дека е политикантство или не. Рече дека проектите кои се прават носат

добробит на граѓаните и праша дали реконструкцијата на кино салата е добар проект или не, дали изградбата на колекторскиот систем е добар проект или не, социјалните трансфери дали треба да ги има или не, реконструкцијата на игралиштето во Пирава е добар проект или не, изградбата на детска градинка во Пирава беше потребна или не, уредувањето на булеварот Првомајска треба да се прави или не?

Тоше Тодоров се јави и по трет пат и рече дека за реконструкцијата на кино салата одобрени се од министерството за култура 10 000 000 денари, а истата чини 17 500 000 а дали е потребна или не ќе кажат граѓаните. Игралиште дали треба или не, ќе кажат граѓаните,а општината се сите населени места, а не само градот и ако се кажува да се исчистат некои одводни канали тоа ќе биде за сите граѓани во општината.

Градоначалникот рече дека за чистењето на каналите се внимава во рамките на надлежностите, бидејќи има измешани надлежности од централна и општинска власт. Реконструкцијата на кино салата е за сите населени места . Рече дека советникот доаѓа од населено место каде скоро сите улици се асфалтирани и тие што не се ќе бидат во најскоро време, поставено е улично осветлување, изграден е канализациски систем, градинка и др. Праша дали советникот Тоше Тодоров има со што да се пофали.

Немаше други пријавено за дискусија па Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2024 година до 30.06.2024 година беше ставен на гласање и изгласан со 9 гласа ЗА. 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 2

По Предлог – Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година немаша пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа За, 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ беше изгласана.

ТОЧКА 3

По Квартален финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2024 година до 30.06.2024 година образложение даде Директорот на ЈП „Комунален сервис" Глигорије Џилвиџиев.

Беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ. 1 советник беше изземен од гласање.

ТОЧКА 4

По Предлог – Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружение на граѓани „Внимание" Гевгелија за реализација на активности во износ од 30 000 денари, немаше пријавено за дискусија и беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН.

ТОЧКА 5

По Предлог – Одлука за пренесување на вршење на комуналните дејности од јавен интерес во населеното место Казандол, Општина Валандово на ЈП „Комунален сервис" Валандово немаше пријавено за дискусија и беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 6

По Одлука за утврдување на цена на услуга на ЈП „Комунален сервис" Валандово повторно образложение даде директорот на ЈП „Комунален сервис"Глигорије Џилвиџиев.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Аспарух Москов.Праша кој основ се зголемени цените за ѓубретарина кога има прикажано позитивен извештај и од 2023 во 2024 година приходите се зголемени за 230 000 денари, а расходите не се прикажани и зошто е покачувањето од 60 %.

Директорот на ЈП „Комунален сервис" Глигорије Џилвиџиев одговори во сите населени места каде што се собира отпадот сега се наплаќа и дека оваа ставка е за лицата кои работат на собирање на отпад, бидејќи во 2010 година кога се донесе Одлуката за превземање на населените места минималната плата беше 8 000 денари, а сега истата е 22 000 денари. Тогаш собирањето на смет се вршело со еден камион и 6 вработени, додека сега со два камиони и два трактори и 12 вработени. Покачувањето од 60% е недоволно, треба да биде 100 % за да биде реално и да ги покрие расходите за таа ставка..

Градоначалникот зема збор. Рече дека за прв пат кога се дискутира за ЈП „Комунален сервис" советникот Тоше Тодоров не се јави за збор и го праша што ќе искоментира, дали е горд или повторно ќе каже дека е пропаст. Го замоли да го изанализира Кварталниот извештај и да каже колку се цените во соседните општини за вода и ѓубретарина, барем во општините во кои гравитира.

Тоше Тодоров се јави со реплика. Рече дека како советничка група им е мило што ЈП „Комунален сервис" има позитивен извештај, а за тоа е заслужен директорот и секако и советниците кои гласаа за тоа. Рече дека тоа што укажуваат на недостатоците не е за лошо и рече дека добро е да има секогаш во иднина позитивен извештај и повеќе инвестиции и услуги за граѓаните, но кога нешто е лошо тоа не треба да се премолчува.

Градоначалникот поврторно му реплицираше на Тоше Тодоров. Рече дека останало неодговорено прашањето за цените на услугите на другите јавни претпријатија и повторно го замоли советникот да ги каже цените и рече дека се згрешило што се дозволило ЈП да се дискутира цела година .

Немаше пријавено за дискусија, па Одлука за утврдување на цена на услуга на ЈП „Комунален сервис" Валандово беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 7

По Годишниот план за вработување на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за 2025 година беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА, 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 8

По Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово во првите шест месеци од 2024 година беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 9

По Предлог – Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово немаше пријавено за дискусија и беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

Со ова беше иссцрпен дневниот ред и бидејќи немаше советнички прашања, седницата беше заклучена.

Записничар
С.Христова Јовановиќ

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков